ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Снежана Ѓорѓиеска Зекирија - претседател на совет, Мирјана Радевска Стефкова, Владимир Стојаноски, Исамедин Лимани и м-р Катерина Георгиевска - членови на советот, во правната работа на тужителот Друштво за управување со приватни фондови ФИШЕР ФОНДОВИ ДООЕЛ СКОПЈЕ, против тужениот Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје, за долг, вредност 9.000.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужителот изјавена преку полномошник Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје против пресудата на Апелациониот суд Скопје ТСЖ-1752/21 од 25.11.2021 година, на седница одржана на ден 01.11.2023 година, донесе:

# П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужителот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот да му надомести на тужениот трошоци за одговор на ревизија во износ од 65.418,00 денари во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје со Пресуда ТС-8/21 од 22.06.2021 година, го одбил како неосновано тужбеното барање да се задолжи тужениот на тужителот на име долг да му плати износ од 9.000.000,00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на Народна Банка на Република Северна Македонија што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 10 процентни поени сметано до 27.08.2010 година до 02.04.2020 година и од 01.07.2020 година па се до конечната исплата, а од 03.04.2020 година до 30.06.2020 година зголемена за 5 процентни поени. Го задолжил тужителот на тужениот да му ги надомести дополнителните процесни трошоци во висина од 386.430,00 денари од кој на износот од 355.680,00 денари да пресмета и плати ДДВ.

Апелациониот суд Скопје со Пресуда ТСЖ-1752/21 од 25.11.2021 година, жалбата на тужителот, ја одбил како неоснована. Пресудата на Основниот граѓански суд Скопје ТС-8/21 од 22.06.2021 година ја потврдил

Против второстепената пресуда, ревизија изјави тужителот преку неговиот полномошник, поради сторени суштествени повреди на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, побиваната и првостепната пресуда да се укинат и предметот да се врати на повторно судење на второстепениот суд или пресудите да се преиначат и да се усвои тужбеното барање во целост, како и да се задолжи тужениот со трошоци.

Тужениот во Одговор на ревизијата, предложи истата да се одбие како неоснована и тужителот да се задолжи со трошоци.

Дополнувањето на ревизијата не беше предмет на оцена од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија, од причина што беше доставено до судот надвор од законски предвидениот рок за изјавување на ревизија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија по проучувањето на списите во предметот, наводите во ревизијата и во одговорот на ревизија, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 377 став 3 од Законот за парнична постапка, (Сл. весник на РМ бр. 79/05...116/10) најде:

Ревизијата е неоснована.

Неосновани се наводите во ревизијата за сторена суштествена повреда од член 343 став 2 точка 14 од Законот за парнична постапка, од причина што по наоѓање на овој суд побиваната пресуда е јасна и разбирлива, содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, па истата може во целост да биде испитана.

Ревизискиот навод за сторена суштествена повреда од член 343 став 1 во врска со член 8 од Законот за парничната постапка е неоснован, бидејќи второстепениот суд не утврдувал нова фактичка состојба за да врши анализа на доказите туку ја прифатил утврдената фактичка состојба од првостепениот суд.

Неосновани се и ревизиските наводи за погрешна примена на материјалното право.

Правилен е заклучокот на второстепениот суд дека на ден 28.01.2009 година Сифекс Трејд немал ненамирени обврски спрема Нова Инвестментс/Фишер Фондови кои можеле да бидат затворени со уплатата од 9.000.000,00 денари со налогот бр.7, наместо да бидат книжени како затворање на позајмицата која тужениот ја примил во истиот износ на 16.01.2009 година со налогот бр.14. Оттука, правилно прифатиле судовите дека не постоел главен долг на Сифекс Трејд спрема Нова Инвестментс/Фишер Фондови за кој би се исполниле условите од член 434 од ЗОО тужениот да се договара со Сифекс Трејд

тој наместо него да го плати тој „главен долг“ а тужителот да се согласи со тоа со конклудентно дејство - прифаќање на уплата по тој основ бидејќи, фактички таков основ - главен долг воопшто и не постоел. Ова од причина што со извод бр. 7 преку Инвест Банка на 16.01.2009 година тужителот на сметката на овде тужениот исплатил износ од 9.000.000,00 денари кој е книжен кај тужениот на конто 2508-краткорочни финансиски кредити од други субјекти. Со извод бр. 13 од 27.01.2009 година тужениот примил исплата на износ од 9.000.000,00 денари на име кредит од Инвест Банка по склучен договор за кредит со банката бр.829, за тужениот со датум 28.01.2009 година на ова конто 2508 да евидентира враќање на заем во истиот износ со налогот бр.14 со цел на дознака „уплата“ повторно преку Инвест Банка , по што салдото на обврски кај тужениот е „нула“.

Согласно член 434 став 1 од Законот за облигационите односи, преземањето на долг се врши со договор меѓу должникот и преземачот со кој се согласил доверителот. Согласно став 2 од истиот член, за склучениот договор секој од нив може да го извести доверителот и на секој од нив доверителот може да му ја соопшти својата согласност за преземањето на долгот. Согласно став 3 од член 434 од ЗОО, се претпоставува дека доверителот ја дал својата согласност ако без оградување примил некое исполнување од преземачот што овој го направил од свое име.

Имено во конкретниот случај било нужно потребно Сифекс Трејд да има долг спрема Нова Инвестментс/Фишер Фондови во висина од 9.000.000,00 денари, да постигнал согласност со Продукција Перспектива наместо него тој да изврши плаќање кон тужителот и притоа да се извести тужителот за склучениот договор било од Сифекс Трејд било од Продукција Перспектива а Фишер Фондови да му ја соопшти ваквата согласност на било кој. Согласно став 3 од одредбата се претпоставува дека доверителот ја дал својата согласност ако без оградување примил некое исполнување од преземачот што овој го направил од свое име, што преведено на овој случај треба да се смета дека со уплатата примена од тужениот, тужителот да можел да затвори свое побарување спрема Сифекс Трејд. Токму коментарот на ЗОО посочува дека договорот за преземање на долгот е акцесорен и дека зависи од постоењето на главниот долг односно на претходниот долг што должникот го имал спрема доверителот - Сифекс Трејд спрема Нова Инвестментс/ Фишер Фондови.

Правилно заклучиле судовите дека во време на давањето на „барањето“ на тужениот до тужителот не постоела ненамирена обврска на Сифекс Трејд спрема Нова Инвестментс за да може Фишер Фондови како лице кое ракува со неговите средства да прифати дека наместо враќање на сопствената позајмица се затвора побарувањето кое Нова Инвестментс/Фишер Фондови, го има спрема Сифекс Трејд. Судовите од дополнителното супервештачење со сигурност утврдиле дека на 28.01.2009 година Сифекс Трејд немал ненамирени обврски спрема Нова Инвестментс/ Фишер Фондови кои можеле да бидат затворени со уплатата од 9.000.000,00 денари со налогот бр.14, наместо да бидат

книжени како затворање на позајмицата која тужениот ја примил во истиот износ на 16.01.2009 година со налогот бр.7.

Неосновани се ревизиските наводи дека судовите одлучувале надвор од границите на тужбеното барање на тужителот. Ова од причина што второстепениот суд дал доволно образложени причини дека правниот основ на тужбата, всушност е оној правен пропис кој од фактите изнесени од тужбата, произлегува правото на тужителот. Не е нужно тужителот да го наведе правниот основ на тужбеното барање, но нужно е фактите во тужбата да ги наведе така што тужбеното барање да се прикаже како основано во фактички и во правен поглед. Од кои правни гледишта едно тужбено барање ќе се покаже како основано, не се одлучува врз основа на правното сфаќање кое е наведено од страна на тужителот во тужбата, туку врз основа на правниот однос кој произлегува од фактите наведени во тужбата.

Неосновани се ревизиските наводи на тужителот дека во конкретниот случај треба да најде приемена член 94 од Законот за инвестициски фондови бидејќи на 31.12.2009 година во книговодството на Сифекс Трејд на картица на конто 040- вложување во акции евидентиран е износ од 9.000.000,00 денари „по известување", односно дека на тој начин Сифекс Трејд во своето книговодство си запишал влог во инвестициски фонд во износ од 9.000.000,00 денари. Ова од причина што судовите утврдиле дека на аналитичката картица 1520 - побарувања на Сифекс Трејд спрема Нова Инвестментс со датум 31.12.2008 година салдото на побарувања е „нула" а такво е и на 28.01.2009 година кога е вратена позајмицата од тужениот кон тужителот со изводот бр.14, односно Сифекс Трејд нема побарувања ниту од Нова Инвестментс ниту од Продукција Перспектива - тужениот. На конто 040 - вложување во акции кај Сифекс Трејд е книжен износ од 9.000.000,00 денари со датум 31.12.2009 година без доказ дали овој износ е влог во Нова Инвестментс, а не е книжена обврска спрема Продукција Перспектива за ваков износ. Со 31.12.2009 година Сифекс Трејд има обврска кон Нова Инвестментс по основ долг по краткорочни финансиски кредити на конто 2508 во висина од 3.378.103,00 денари и тоа е после датумот на враќањето на позајмицата од туженот кон тужителот на ден 28.01.2009 година, на овој датум - 28.01.2009 година тужениот има книжен долг кон Сифекс Трејд на конто 2200 -обврски кон добавувачи од 4.731,00 денари а на конто 2508 има долг по основ на примена позајмица од 217.000,00 дененари која е вратена на 05.03.2009 година. Дотолку повеќе што тужениот немал склучено договор за купопродажба на уддел со Сифекс Трејд во износ од 9.000.000,00 денари а ниту пак регистрирал уддел во име на Сифекс Трејд во регистарот на уддели што бил должен да го води.

Од наведените причини, следуваше да се одлучи како во изреката, согласно член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

Согласно член 160 став 1 во врска со член 158 став 1 и 2 од Законот за парничната постапка, овој суд го задолжи тужителот да му ги надомести на тужениот трошоците за одговор на ревизија во износ од 65.418,00 денари, и тоа: износ од 41.418,00 денари за состав на одговор

на ревизија од полномошникот на тужителот со вклучено 18% ДДВ согласно Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите и износ од 24.000,00 денари за судска такса за одговор на ревизија.

Пресудено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 01.11.2023 година под РЕВ1-72/22.

Претседател на советот - судија
Снежана Ѓорѓиеска Зекирија с.р.

За точноста на отправокот – т в р д и:секретар,